# Општина Кочани

Ул. Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 * Факс. +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk


Врз основа на член 50 став (1) точка 13 и точка 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002 година), а во врска член 14 став (7) од Законот за еднакви можности на жемите и мажите („Службен весник на Република Македонија" бр. 6/12, 30/13, 166/14 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 53/21), постапувајќи по дописот – Барање за номинација доставен од Министерство за труд и социјална политика под број 17-8237/1 од 20.12.2021 година (наш број 03-3084/1 од 23.12.2021 година, Градоначалникот на Општина Кочани на ден 28.12.2021 година донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 03-3084/2
28.12.2021 год.

## РЕШЕНИЕ

**за определување на координатор и заменик координатор за еднакви можности на жените и мажите од редот на државните службеници во единицата на локалната самоуправа Општина Кочани**

I.

Од редот на државните службеници во единицата на локалната самоуправа Општина Кочани за координатор и заменик координатор за еднакви можности на жените и мажите се определуваат следните лица:

1. Љубинка Ајтовска, се определува за координатор за еднакви можности на жените и мажите, и
2. Венцо Бојков, се определува за заменик координатор за еднакви можности на жените и мажите.

II.

Координаторот се грижи за унапредување на еднаквите можности и недискриминацијата во рамките на надлежностите на единицата на локалната самоуправа, дава предлози и мислења поврзани со еднаквите можности до советот на единицата на локалната самоуправа и до институциите и организациите на локално ниво, изработува извештаи за состојбата со еднаквите можности и недискриминацијата во рамките на единицата на локалната самоуправа, соработува со комисијата за еднакви можности на жените и мажите во рамките на советот на единицата на локалната самоуправа и покренува заеднички иницијативи со цел за унапредување на еднаквите можности и недискриминацијата, соработува со невладините организации и останатите институции на локално ниво на прашањето на еднаквите можности и недискриминацијата, ја следи состојбата со еднаквите можности на локално ниво и предлага иницијативи за преземање на мерки за подобрување на состојбата со еднаквите можности и недискриминацијата и во исполнувањето на своите задачи се координира и соработува со Министерството.

Координаторот за еднакви можности на жените и мажите е должен најмалку еднаш годишно, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година, да достави извештај до Министерството и истиот да го објави на веб страницата на единицата на локалната самоуправа. Формата и содржината на извештајот ги пропишува Министерот за труд и социјална политика.

III.

Во случај на спреченост во работата на координаторот работите од точката II. ги врши заменик координаторот.

IV.

За својата работа координаторот и заменик координаторот за еднакви можности на жените и мажите одговораат пред Градоначалникот.

V.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Градоначалник на Општина Кочани
Љупчо Папазов

Бр.03-3084/2
28.12.2021 година
Кочани
Изготвил: А.К.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА КОЧАНИ